Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје

тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

# Повик за понуди: Консултант за изготвување на Водич за социјално претприемништво

**ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување објавува конкурс за ангажирање на локален консултант за изготвување на Водич за социјално претприемништво.**

**Ангажманот е во рамките на проектот „Зајакнување на Ромките преку основање на социјално претпријатие“, поддржан од Европска Унија во рамки на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 „Социјална инклузија и вработување на локално ниво“ од Инструментот за пред-пристапна помош.**

**Профил и квалификации**

Бараме лице чија главна одговорност ќе биде изготвување на Водич за социјално претприемништво наменет за граѓански здруженија. Лицето треба да има активно познавање од политиките за формирање социјално претпријатие, да понуди модели за социјално претприемништво и чекори за start-up бизниси со можност за вклучување на жените Ромки на пазарот на труд преку нивно вработување во социјалните претпријатија. Тој/таа потребно е да поседува искуство во социјално претприемништво и изготвување трудови од **најмалку три години**.

Кандидатите треба да ги исполнуваат и следниве основни квалификации:

- Универзитетска диплома по социјална економија, бизнис администрација, јавна администрација или сродна област, општествени науки;
- Знаење и искуство во областа на социјално претприемништво во Македонија;
- Веќе објавен прирачник во областа на социјална економија и/или социјално претприменишво;
- Вештини во пишување на прирачници;
- Искуство во развој на бизнис планови за социјални претпријатија за ранливи категории на лица;
- Претприемничко размислување и етика на работа;
- Способности за планирање и организација;
- Течно говорење на македонскиот и англискиот јазик;
- Насоченост кон навремено исполнување на зададените задачи;
- Државјанство на Република Македонија.

Проектот е финансиран од Европска Унија

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Познавањето на француски јазик ќе се смета за предност,
- Искуство во работа со/во невладин сектор и работа со долгорочно невработени лица.

**Ангажираното лице ќе биде одговорна/ен за:**

- Воспоставување на методологија за изготвување на Водич за социјално претприемништво;
- Опис на добри практики на невладини организации кои отвориле социјални претпријатија со вработување на ранливи категории на лица во земјите на Југоисточна Европа;
- Истражување на националната легислатива за отворање на социјални претпријатија,
- Да понуди модели/типови на социјални претпријатија и социјални старт – ап бизниси
- Обезбедување информации во врска со иновативни извори на финансирање за создавање на социјални претпријатија,
- Воспоставување соработка со странски консултанти ангажирани за проектот,
- Изработка на Водич за социјално претприемништво на македонски јазик, не подолг од 25-30 страници во временски рок од 10 дена.

Ангажманот предвидува потпишување договор за консултантските услуги со покриен персонален данок на доход. **Обврските ќе се спроведуваат во и вон канцелариите на ХЕРА. Консултантскиот ангажман е во времетраење од 10 консултантски дена.**

**Најдоцна до 20ти февруари 2017г година (понеделник, крај на денот)** заинтересираните кандидати треба да достават:

- Писмо за мотивација
- Детална биографија
- Примерок од напишан прирачник
- Предлог буџет (без ДДВ)

**На повикот може да се пријават физички или правни лица. Предвид ќе бидат земени само оние пријави кои ги исполнуваат условите и кои ќе испратат комплетна документација.**

Сите кандидати ќе бидат известени за резултатите од Конкурсот, по електронски пат, во рок од 5 дена по затворање на конкурсот.

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

Документите со назнака/предмет на пораката **конкурс за локален консултант за изготвување на Водич за социјално претприемништво** можете да ги доставите на следниов начин:

**По електронска пошта:** konkurs@hera.org.mk
**По пошта:** Х.Е.Р.А. ул. Дебарца 56/1-4, Скопје, со назнака (**Конкурс за локален консултант за изготвување на Водич за социјално претприемништво**)